Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Репубилка Северна Македонија“ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-1543/2021 доставено од ,
**донесе**

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-1543/2021/1, доставено од **се уважува и се дава следната информација:**

-Министерството за правда издава лиценци за вештачење врз основа на одредбите на Законот за вештачење ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 115/10, 12/14. 43/14, 148/15 и 64/18).

- Во Законот за вештачење е предвиден начинот за стекнување со лиценца за вештачење. Условите за полагање на стручниот испит за вештаци се наведени во член 9 од Законот :

„(1) Стручниот испит се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област.

(2) Стручен испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:
-да е државјанин на Република Македонија,
-да има живеалиште во Република Македонија,
-да има високо образование од соодветната област (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
-со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната
-да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање на стручен испит.“


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

-Начинот на полагањето на стручниот испит е регулиран во член 10 од истиот Закон :

„(1)Испитот се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3)Вториот дел на испитот се состои од:
-практичен пример и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.“

**Образложение**

, до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да му биде дадена информација кој профил на образование е соодветен за вештачења од областа на авторското право и други сродни права, согласно Законот за авторското право и други сродни права (Сл.весник на РМ бр.115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) и Глава втора, Дел 1, член 12 точка 1 „Авторско дело, во смисла на овој закон, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма„ додека согласно Точка 2 „За авторско дело се смета (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа) ит.н.„, а бидејќи од страна на Министерсртвото за правда лиценца за вештачења од оваа област е доделена на правници спротивно од законот за авторско право.

Министерството за правда го разгледа Барањето, го одобри пристапот и достави информација.
Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска Скаловска

*УП1 бр.19-1543/2021*
21-07-2021 *год.*